Општина Неготино

Предлагач,
Градоначалник на општина Неготино

Изготвувач
Одделение за урабанизам и заштита на
животната средина

# ПРОГРАМА
**за заштита на животна средина**
**на територијатана општина Неготино**
**за 2026 година**

Декември 2025

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Совет на Општина Неготино**
**бр.08- 2505/26**
**25.12.2025 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ " бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ " бр.202/24 ), а во врска со член 79 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22 ) и член 133 од Деловникот на Советот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино " бр.3/06, 2/11и 7/24 ), Законот за животната средина („Службен весник на РМ " бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ " бр. 89/22 ,171/22 3/25 и 124/25), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **25.12.2025** година донесе

# ПРОГРАМА
## за заштита на животна средина
## на територијатана општина Неготино
## за 2026 година

Законот за животната средина ги регулира правата и должностите на Република Северна Македонија, на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

**Предмет на програмата**

**Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што Општина Неготино е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства**

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Неготино за 2026 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата, енергетската ефикасност) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат целите, конкретните проекти и потребните финансиски средства.

**Цели на Програмата**

Главна цел на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Неготино е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и

зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Со Програмата за заштита на животната средина, Општината овозможува спроведување на еколошката политика согласно европските стандарди и се залага за:

- Почитување на законите и на регулативите што се однесуваат на заштитата на
животната средина, заштедата на природните ресурси, намалувањето на отпадот, подобрувањето на квалитетот на воздухот, заштедата на водата за пиење и заштитата на биодиверзитетот.
- Пристап до информации за заштита на животната средина, како и граѓанско учество во процесот на одлучување за прашања од областа на заштитата на животната средина.
- Размена на информации со различни засегнати страни и вклучување во проекти
и активности за заштита на животната средина.
- Едукација на младите за теми од област заштита на животната средина и одржливиот развој.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупните потребни средства, од Буџетот на Општина Неготино и од одредени донации, за реализирање на активностите за заштита на животната средина на подрачјето на Општина Неготино за 2025година, по области, се следниве:

| | ***Област / дејност*** | ***Потребни средства*** | |
|---|---|---|---|
| **1.** | Заштита на амбиентен воздух | **100 000** | **RAO 482720** |
| **2.** | Заштита на водите | **700 000** | **RAO 482730** |
| **3.** | Отпад | **20 000** | **R1 - 424590** |
| **4.** | Климатски промени-Унапредување на зелени површини | **30 000** | **R1 - 424590** |
| **5.** | Заштита и оплеменување на локалитетите | **40 000** | **R1 - 424590** |
| **6.** | Енергетска ефикасност | **5 000** | **R1 - 425990** |
| **7.** | Субвенционирање за чистење на оџаци | **100.000** | **R1-464990** |
| **8.** | Подигање на јавна свест за значење на животна средина | **5 000** | **R1 - 425920** |
| **9.** | ЛЕАП | | |
| | **Вкупно** | | **1 000 000** |

**АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ**

Законот за амбиентален воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) ги уредува мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиенталниот воздух врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на гранични и целни вредности за квалитет на амбиенталниот воздух и прагови на алармирање и праг на информирање, гранични и целни вредности за емисии, формирање на единствен систем за следење и контрола на квалитетот на амбиенталниот воздух и следење на изворите на емисии, сеопфатен систем за управување со квалитетот на амбиенталниот воздух и изворите на емисии, информативен систем како и други мерки за заштита од одредени активности на правните и физичките лица кои имаат директно или индиректно влијание врз квалитетот на амбиенталниот воздух.

Преку инсталирање на **комплетна мрежа за мониторинг на амбиентниот воздух**,мерни станици, субјект да врши мониторинг на амбиентниот воздух на територија на Општина Неготино, и истиот да има обврска да ја одржува мрежата за следење, односно мерните станици и да врши калибрација на истите доколку е потребно.

На веб страна на Општина Неготино да биде поставена веб апликација на која ќе бидат достапни информации за квалитет на воздух и бучава преку поставените мерни инструменти кои ќе се лоцираат на одредени локации на територијата на општината. Загадувањето на воздухот е најголем еколошки проблем на градот. Населението очекува негово разрешување, но без нивно учество, е невозможно. Потребно е систематско и континуирано влијание за промена на навиките. Подигање на јавната свест за овој проблем во соработка со Граѓански организации - **Кампања за информирање за негативните последици од палењето отпад и користење несоодветни горива за затоплување. Редовно чистење на оџаците и можност за субвенционирање на населението во спроведување на оваа акција.**

Набавка на **ултразвучен соларен уред за заштита од птици и друго,** кои претставува уред за 24 часовна заштита,сензор на движење и активација при движење,за надворешни услови со фрекфенција од 15khz-25khz.

**ВОДИ**

Законот за водите(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21)ги уредува прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во кои што повремено тече вода, езерата,акумулациите и изворите, подземните води (во натамошниот текст:води), крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите,заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите, водостопанските објекти и услуги, организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите.

Градоначалникот на општина Неготино е должен да обезбеди:

1. постигнување на целите на овој закон;

2. развивање и одржување на ефикасен и економичен систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата до сите законски корисници; и

3. преземање на потребните мерки утврдени со одредбите во членовите од овој дел, освен ако со овој закон поинаку не е пропишано.

За задоволување на потребите на граѓаните од општината со доволни количини на квалитетна вода за пиење,а согласно законските одредби, потребно е да се **легализираат постоечките бунарски капацитети** и да се определат и реализираат **заштитни зони** кои се неопходни за безбедност на водата за пиење. Исто така за надополнување на количините на вода за пиење потребно е да се направат **нови бунарски бушотини** со комплетна документација и нивно вклучување во водоснабдителниот систем. Да се **превземат и обноват 3те постоечки бунарски бушотини во с.Црвени брегови** кои некогаш биле во функција на фабриката Македонија

Да се планира изградба на прочистителна станица на локација, влив на Неготинска река во Вардар.

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Законот за управување со отпадот("Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/2021) го уредува управувањето со отпадот, начелата и целите за управување со отпад, плановите и програмите за управување со отпадот; права и обврски на правни и физички лица во врска со управувањето со отпадот, барањата и обврските на правните и физичките лица коипроизведуваат производи и пакувања и коишто на крајот на животниот циклус ја оптоваруваат животната средина, начинот и условите под коишто може да се вршисобирање, транспортирање, третман, складирање, преработка и отстранување на отпадот, увозот, извозот и транзитот на отпадот, мониторингот, информативниот систем, финансирањето и надзор над управувањето со отпадот.

**Расчистување и рекултивирање** или пошумување на локации каде што непрописно се одлага отпад.

Обезбедување на соодветни локации според урбанистичките планови за одлагање на **инертен отпад** (градежен шут), отпад од животинско потекло, локација за одлагање на хаварисани возила и за одлагање на габаритен отпад (мебел, биоразградлив отпад, машини, гуми и сл.).Уредување на локациите според закон за животна средина, согласно ЕУ стандардите.

Набавка и поставување на опрема за управување со отпад-**полуподземни контејнери** наменети за комунален отпад во централното градско подрачје.

Поставување **решеткасти контејнери** за пластика на повеќе локации во градот.

Справување со **текстилен отпад** – адаптација на простор за собирање на искористен текстил кој може повторно да се користи од страна на други лица, а текстилот што не е за употреба да го собира фирма која има дозвола за управување со текстилен отпад.Ова да се реализира во соработка со Црвен Крст и други општествено одговорни чинители.

**Вардар** без пластични шишиња-поставување на 2локации(потесен дел на Вардар) висечка мрежи на сајла за собирање на пловечки отпад.

Да се додели локација на ЈПКомуналец на која што претпријатието ќе може да добие дозвола за складирање, третман и продажба на неопасен отпад (пластика, стакло и хартија), со што ќе се намали одлагањето на неопасниот отпад на депонија, а притоа отпадот ќе биде повторно употребен-**развој на циркулаторна економија.**

## КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Климатските промени се најголема глобална закана на 21-от век. Тие се реалност и неминовни од начинот на кој функционира развиениот свет. Последиците од климатските промени се непредвидливи, а секако големи, разорни и фатални. Најголеми последици ќе имаат урбаните средини, каде е најголема концентрацијата на луѓето и кои воедно се најголеми причинители на климатските промени. Само средините што ќе успеат да ги испланираат своите активности за справување со климатските промени имаат непречена иднина.

За 2026 година да се предвидат активности за зголемување на зелениот фонд, како мерка за адаптирање на климатските промени.

**Подигнување на нови зелени површини**, пошумување и уредување на запуштени зелени површини.Пошумување или т.н. вештачка регенерација, како метод за подигање на нови зелени површини подразбира и практикува засадување по сеча на дрвја, засадување на голи неплодни и ерозивни земјишта и создавање на нови насади. Пошумените предели се пресудни за урамнотежување на водните режими, заштита од ерозии и порои, особено кај малите водотеци.

Споменикот **Манчо Малиминов** во иднина да стане **Сончева гора**, а со тоа и Неготино да се запише во листата на градови кои отпочнале со создавање на Сончева гора–Во соработка со **MAN AND MOUNTAIN** кои се иницијатори и први донатори на дрвца(акција која ќе се спроведи во месец февруари, кога ќе го подготвиме теренот и ќе дозволуваат временските услови), како благодарност за успешното учество на општина Неготино во Генералка викенд и со наше понатамошно пошумување и оплеменување на локалитетот, можеме ова место да го направиме пријатно место за одмор и релаксирање на сите жители на општината, а притоа и ќе претставува еден од филтерите на воздух.

Изработка на **Зелен катастер** кој секоја општина треба да го има.

Определување на место (локација) кое во иднина ќе стане **Шума на љубовта** – Сите заљубени кои ќе стапат во брак во текот на 2026г. и за секое новороденче, Опшина Неготино да донира дрвца и да организира акција за пошумување каде секој ќе може да си го засади своето дрвце и допринесе за почист воздух и оформување на шумата.

Подигнување на зелени површини во централното **градско подрачје** и каде недостасува зеленило, во соработка со соодветните институции во чија надлежност се наоѓаат (Основни и Средни училишта, Јавни претпријатија и др.)

## ЗАШТИТА И ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТИ

Уредување и оплеменување на просторот каде се лоцирани културно историски споменици.Еден од приоритетите на Општина Неготино да биде уредување на просторот каде се лоцирани културно историските споменици за да можат овие локации **да бидат потенцијал за излетнички места**. Со ова ќе допринесеме за поголема афирмација на културно историското богатство на нашата општина ,заштита и унапредување на зелените површини во општината, како и за почист воздух во нашиот град.

Оплеменување на локалитетот **Тимјаничка цуцка** со дрвја,клупи и друг вид на урбана опрема од природни матријали.

## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Преку спроведување на програмата за енергетска ефикасност директно се придонесува и за намалување на емисии на штетни гасови во атмосверата и на тој начин се делува на заштита на животната средина.**Поставување фотоволтаици и замена на фосилните горива** со обновливи извори на енергија каде што е изводливо.Замена на котлите за парно (општина и комуналец) од нафта на пелети.

## ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подигањето на јавната свест е неопходна активност, која произлегува и од одредбите на Законот за животна средина. Според досегашните искуства, соработката со НВО дава најдобри резултати во овој домен ,заради нивното добро организирање на своето членство и граѓанскиот сектор.
Во рамките на проектите со здруженија на граѓани и НВО, за заштита на животната средина планирани се серија едукативни работилници за различни теми: **управување со отпадот, заштита на воздухот и водата, почвата и биодиверзитетот,заштита на бездомни животни**, како и воведување здрави навики во исхраната и секојдневниот живот, наменети за основни училишта и градинки, како и со урбаните заедници. Активности и интервентност кон подобрување на **благосостојбата на бездомни животни и миленици** во унапредување на почиста и безбедна животна средина, од аспект на грижа и одговорно сопственипштво во заедништво, локална заедница -жители-животни –сопственици. Спроведување на овие активности е утврдено со **Закон за заштита и благосостојба на животните**, а со тоа се придонесува за почиста и безбедна средина, каде ќе се намалат појавите од видот на фрлање на недозволени супстанци во животната средина, развивање на навики за одговорно сопственипштво, хуман третман и развивање на свест за неповредување, пружање на итна помош при повреди и интервентно сместување ,преку обезбедување на куќички и хранилки обезбедување на можност на бездомните животни да се засолнат на хуман и солидарен начин.
Одделението учествува во активности за одбележување на еколошките празници: 26 јануари -Светски ден за едукација за заштита на животната средина, 5март- Светски ден за енергетска ефикасност, 21март-Ден на пролета, 22април-ден на планетата Земја, 10-12мај Генералка викенд - акција за чистење во соработка со граѓаните,Урбаните заедници,основните и средните училишта се со цел почисто Неготино.Акцијата Генералка викенд се одвива во соработка со јавните претпријатија,Министерството за животна средина и просторно планирање, општествено одговорни компании и под покровителство на Ман анд Маутајн.
5 јуни - Светски ден за заштита на животната средина, Трет викенд во септември-Да го исчистиме светот, Одбележување на Европската недела на мобилност "ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ"

Изработка и печатење на рекламен материјарал за промоција на мерки и активности за заштита и зачувување на животната средина. Оваа активност опфаќа изготвување на:
- промотивни флаери;

- едукативни брошури, постери и поставување на билборди;
- Лепење на фолии со еколошки пораки на автобуските постројки.
Активноста предвидува објавување **конкурс за соработка со НВО** за организирање на соодветни активности. Избраниот извршител треба да осмисли активности за промовирање на алтернативни видови на движење, натпревари, работилници и сл. За промовирање на активноста ќе се користат: флаери, летоци, плакати, брошури и маици.

**ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП (локален еколошки акционен план)**
Согласно Законот за животна средина секоја општина е должна да има важечки ЛЕАП (локален еколошки акционен план). За изработка на еден ваков проект потребно е **ангажирање на еколошка консултантска фирма** и експерти од областа на животната средина кој ќе спроведат одредени јавни расправи, косултации со невладините еколошки организации кој треба да дадат свој придонес во изработката на овој документ.

**ПРЕПОРАКИ**

За да се реализираат програмските активности,се со цел заштита на животната средина потребно е да се врши:

- Надоместување на дел од трошоците - **субвенционирање на граѓаните** на подрачјето на градот за замена на грејните тела кои се на дрва и нафта и промена на лесонитни покриви со лимени изолациони панели.Субвенционирање на граѓаните за набавка на велосипеди .

- Општина Неготино и **Советот на Општина Неготино** да му препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР - СВР) да ги упатува на дополнителен технички преглед сите возила, посебно возила кои се од постаро производство (автомобили,камиони и автобуси), кои не ги задоволуваат основните стандарди за емисии на загадувачки материи во воздухот.

- Да се задолжуваат сите **правни лица кои имаат Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина** од страна на Општина Неготино, редовно да ги чистат своите оџаци и по потреба да постават соодветни **филтри** на нивните оџаци за прочистување на воздухот доколку ги користат истите, со што посебен акцент би се дало на правните лица кои подготвуваат храна на дрва, жар или ќумур и сл., со што би се намалило штетното влијание на воздухот. Правни лица кои имаат Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина, да потпишат меморандум за соработка со Општина Неготино со што редовно ќе се **вклучат во акциите** за пошумување со донирање на садници дрва.

-Да се задолжуваат сите **Управители на станбени згради** кои работат на територија на општина Неготино (а каде што нема управители да се задолжат

станарите на зградите за колективно домување, да го регулираат статусот согласно Законот за домување), редовно да ги оддржуваат зелените површини во кругот на станбените згради (чистење на расфрланиот отпад, косење на трева и сл.) иако некаде може да се случи дека зелените површини не потпаѓаат на нивната градежна парцела, тоа не треба да биде оправдување за расфрлување на отпадоци и негрижа и редовно чистење на оџаците.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на програмата за животна средина на територија на општина Неготино, е надлежен Градоначалникот на општина Неготино.
Финансиски средства за реализирање на оваа активност да се предвидат од Буџетот на Општина Неготино за 2026 година, од Владата на РСМ,од донации или фондови на ЕУ.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување **во „ Службен гласник на општина Неготино “.**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова**